Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 22.08.2023

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, вчера (21 август) околу 19 часот и 50 минути во Гостивар го лишиле од слобода С.С.(43) од Република Албанија. Тој се сомнели дека на 7 август годинава извршил тешка кражба во куќа во гостиварско Форино. С.С. бил задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.08.2023 во 21.40 часот на подрачје на Кисела Вода, полициски службеници лишиле од слобода 17 - годишник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.08.2023 во 22.45 часот на улица „Коста Абраш" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го привеле С.Ш.(44) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана и нож. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.08.2023 во 13.25 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Е.И.(34) од Куманово. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен суд Куманово за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправна установа Затвор Куманово за издржување на казната.

На 21.08.2023 во 09.20 часот на Граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници го привеле А.Ѓ.(36) од Република Албанија затоа што по извршени проверки во службената евиденција било констатирано дека нема остварено регулиран влез во државата. Лицето е предадено на полициски службеници од Одделението за прекугранични криминал и миграции за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (21.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 301 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 106 санкции, 16 мерки за возење без возачка дозвола, 22 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се пет мерки за минување на затворен сигнал - црвено светло, 17 санкции за користење на мобилен телефон при возење, четири мерки за некористење на сигурносен појас...

На 21.08.2023 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на тетовско-гостиварското подрачје спроведена е акциска контрола на мотоцикли. При контролата биле откриени и санкционирани вкупно 8 прекршоци (ТЕ-7 и ГВ-1). Половина од них (ТЕ-4) се однесуваа на некористење на заштитни кациги, 1 (ТЕ) управувал без положен возачки испит, 1(ТЕ) непоседувал осигурителна полиса, а кај 1 (ТЕ) и 1 (ГВ) биле констатирани други видови недостатоци, односно прекршоци. На прекршителите изготовени им се адекватни поднесоци и зависно од направениот прекршок, тие ќе се соочат со парични глоби кои се движат од 50 до 250 евра во денарска противвредност.

На 21.08.2023 во 11.15 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на надвозникот од влез на Гевгелија кон булевар „Гевгелија" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген" со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од Д.Д.(55) од село Богородица и патничко возило „мерцедес", управувано од М.Т.(35) од село Богородица, гевгелиско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле двајца сопатници во патничкото возило „фолксваген", констатирани во Медицинскиот центар Гевгелија. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Гевгелија.

На 21.08.2023 околу 07.20 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосницата да регионалниот пат Куманово-Свети Николе и локалните патишта за с.Грабеш и за с.Новосељане се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген" со стрмчики регистарски ознаки, управувано од М.П.(49) од Струмица и патничко моторно возило „форд" со кривопаланечки регистарски ознаки, управувано од М.П.(51) од с.Кононица. По несреќата, возачот на возилото „форд", М.П. и неговите сопатници Р.Т. и С.С. биле пренесени во Општата болница Куманово каде на Р.Т. му била констатирана тешка телесна повреда, додека на М.П. и С.С. им биле констатирани телесни повреди. За настанот бил известен Јавен обвинител, а увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Куманово.

На 21.08.2023 околу 16.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопат Скопје-Велес, во близина на место викано „Манастири", патничко моторно возило „фолксваген голф" со велешки регистарски ознаки управувано од П.И.(77) од Кавадарци, изгубило контрола и удрило во ѕид покрај патот. По несреќата возачот П.И. и сопатникот Е.П. (37) и една малолетничка биле пренесени во Јавна здравствена установа Велес каде на Е.П. и малолетничката им биле констатирани тешки телесни повреди, а на П.И. му биле констатирани телесни повреди. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 22.08.2023 во 00.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Антон Димитров" со ул.„Жифко Фирфов "во Скопје, патничко моторно возило „рено меган" со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.М.(23) од Скопје, удрило во 17 годишен велосипедист од Скопје. По несреќата велосипедистот бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 21.08.2023 во 18.00 часот во СВР Штип било пријавено дека на магистралниот пат Велес - Штип, кај с. Сарамзалино, Е.П.(51) од Велес управувајќи мотоцикл „кавасаки" со велешки регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Со тешки телесни повреди се здобил возачот на мотоциклот и сопатникот Р.С.(39) од Скопје, констатирани во ИТА медицинска помош Свети Николе. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Штип.

На 21.08.2023 во 14.30 часот во Полициската станица Аеродром, И.К.(46) од Скопје пријавил дека на ул.„Горно Лисиче" непознат малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 21.08.2023 во 20.00 часот во Полициската станица Аеродром, С.М.(20) од Скопје пријавила дека на ул.„Симеон Кавракиров" била касната од куче скитник.

На 21.08.2023 во 14.30 часот во Полициската станица Чаир С.И.Т.(29) од Скопје пријавила дека на крстосница од бул.„Словенија" со ул. „Јадранска Магистрала била касната од куче скитник.

Денеска (22.08.2023) во 10.13 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг на бул.„Филип Втори Македонски" при движење настанал пожар во патничко возило „форд фокус" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал Б.П.(70) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема.

Во текот на вчерашниот ден (21.08.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираше сè 345 возачи. Од нив 13 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 198 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 147 надвор од населено место.

Во текот на вчерашниот ден (21.08.2023) во периодот од 07.00 до 12.00 часот спроведена е акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 45 возачи. Од нив, 32 возачи не користеле заштитна кацига за врев на возење, седум возеле без возачка дозвола... За време на контролата санкционирани се и 86 други видови на сообраќајни прекршоци.

На 21.08.2023 година на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 30 прекршоци од кои 16 надвор од населено место и 14 во населено место. Санкционирани биле и 23 други видови на прекршоци, од кои, 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за нерегистрирано возило, 3 за некористење сигурносен појас, 2 за користење мобилен телефон, 3 за некористење заштитна кацига и 4 за непропишано паркирање.

На 21.08.2023 во СВР Струмица, Д.П.(74) од Струмица пријавила дека за време на семејна пресметка на 18.08.2023 во угостителски објект во Струмица, незнаен сопруг Г.П.(74) бил тепан од едно лице од оредстојот, по што паднал и се повредил. Г.П. бил пренесен во Општа болница Струмица, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.08.2023 во 10.40 часот во Полициската станица Ресен, М.М.(64) од Ресен пријавила дека била измамена од женско лице за сума од 2.622.200,00 денари. Според пријавеното, пред околу една година, пријавената и рекла на М.М. дека треба да ги смени еврата и австралиските долари бидејќи имало нови банкноти и старите немало да важат. Како што е пријавено, М.М. и дала 21.900 евра и 17.900 австралиски долари, а таа и ветила дека месечно ќе и исплака дел од парите. Исто така, според пријавеното, пред околу еден месец пријавената повторно и се јавила и и кажала дека треба да ги размени и швајцарските франци, а откако и ги дала парите таа и кажала дека ќе и ги размени за неколку дена бидејќи моментално немала доволно кај неа. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.08.2023 во 10.00 часот на Железничка станица Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода М.Т.(55) од Скопје. Тој се сомнели дека во патнички вози дотрчал по телото малолетничка од Прилеп. Тој бил баран во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.08.2023 во СВР Битола било пријавено дека околу 16.00 часот во с.Беранци, битолско, настанал пожар во куќа сопственост на В.В.(77), при што била зафатена покривната конструкција и покривнината. Екипа на Тетитородна противпожарна единица Битола го изгаснала пожарот. Увид на местото извршила екипа од СВР Битола.

На 21.08.2023 во СВР Скопје било пријавено дека околу 21.45 часот на кеј на река Вардар на подрачје на Карпош, четири лица физички нападнале малолетник од Скопје. Во нападот бил употребен и остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.08.2023 во СВР Скопје било пријавено дека околу 20.00 часот пред угостителски објект на подрачје на Ѓорче Петров, по претходна расправија, А.Н. и неговиот брат, со остар предмет нанеле повреди на В.П.(38) од с.Рашче, скопско, по што физички го нападнале и С.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.08.2023 во СВР Скопје било пријавено дека на реката Лепенец бил пронајден починат М.Д. (87) од Скопје, кој на 18.08.2023 бил пријавен дека се одалечил од својот дом. Увид на местото бил извршен, а телото било дадено на обдукција.

Денеска (22.08.2023) во СВР Скопје било пријавено дека во 01.10 часот на Железничка станица „Илинден" било пронајдено починато едно лице-мајтинец, кое се здобило со повреди од стрелен удар. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт. Увид на местото бил извршен од екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е дадено за обдукција.

На 21.08.2023 во ОВР Струга било пријавено дека околу 10.40 на ул.„Маршал Тито" во Струга, три лица со закана со остар предмет од Б.Ќ.(72) од Република Албанија одзеле патна исправа и пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.08.2023 во 08.20 часот во Полициската станица Кочани, С.Р.(55) од Кочани, пријавил дека на 21.08.2023 околу 12.30 часот пред угостителски објект во Кочани бил каснат од куче скитник.

На 21.08.2023 во 23.30 часот на подрачје на Чаир, полициски службеници ги лишиле од слобода З.Б.(34), Д.Б.(22), А.Б.(56) и Р.Б.(28), сите од Скопје, затоа што физички нападнале полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.08.2023 во 19.00 часот во Полициската станица Центар, А.М.(37) од Скопје пријавила дека на хаубата на своето патничко моторно возило „опел астра" со скопски регистарски ознаки, кое било паркирано на подрачје на Центар, забележала залутано зрно. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.08.2023 околу 20.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров било пријавено дека во близина на болница на подрачје на Ѓорче Петров, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир од физичка пресметка помеѓу женско лице С.А.(41) и Е.А. (47) од една страна и Е.К.(37) од друга страна, сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.08.2023 во 11.00 часот во Полициското одделение Сарај, А.К.(26) од с.Рашче, скопско пријавил дека на 15.08.2023 околу 17.00 часот пред угостителски објект во с.Кондово, скопско тој и Љ.К. биле физички нападнати со тврди и остри предмети од Д.М., Ф.С., М.М. и уште две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.08.2023 во 11.00 часот во Полициската станица Чаир, Д.П.(34) од Скопје пријавил дека на 16.07.2023 околу 10.00 часот на подрачје на Бутел бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.08.2023 во 23.20 часот во Полициската станица Чаир било пријавено дека во деловен објект на подрачје на Чаир, сопственост на Ђ.К.(40) од Скопје настанал пожар во кој била опожарена трафостаница. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје.

На 22.08.2023 година во 01.00 часот во СВР Куманово 25-годишна кумановка пријавила дека на 21.08.2023 С.И. и уште едно лице извршиле обљуба врз неа. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.08.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Драчево, Ј.А.(38) од Скопје пријавил дека на кров од куќа на подрачје на Драчево забележал залутано зрно. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 21.08.2023 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека од Јавна установа за згрижување деца се одалечил нивниот корисник К.П.(16) од Скопје, кој и претходно се одалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Виница поднесе кривична пријава против Љ.М.(71) од Виница поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против општата сигурност" во врска со „предизвикување на општа опасност". На 25.07.2023, куче на пријавениот нападнато жена од Виница, која го шетала своето кучe, и и нанело тешки телесни повреди.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Д.К.(32) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „полово вознемирување". На 13.04.2023 на мобилна апликација, пријавениот вознемирувал жена од Гевгелија и со вклучена камера се самозадоволувал пред неа.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Куманово поднесе кривична пријава против Ф.Б.(30) и Г.Б.(37), двајцата од село Цревеци, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 11.08.2023 во село Јагол, кичевско, пријавените се однесувале агресивно и се заканувале на Б.С. од Кичево.